# Тие луѓе, кога меѓу нив некој добар човек ќе умрел, граделе храм врз неговиот гроб

Од Аиша, мајката на верниците, радијаллаху анха, се пренесува дека Уму Селеме му ја спомнала на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, црквата наречена ‚Марија‘ која ја видела во Абисинија, а во која имало икони и фрески. Пратеникот ѝ рекол: ‚Тие луѓе, кога меѓу нив некој добар човек ќе умрел, граделе храм врз неговиот гроб, и ги цртале тие слики. Тие се најлошите суштества кај Возвишениот Аллах.‘“
[صحيح] [متفق عليه]

Уму Селема, мајката на верниците, радијаллаху анха, му спомнала на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, дека забележала црква, која се викала Марија, кога била во Абисинија. Во неа имало слики, украси и фрески, и била зачудена од тоа! Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ѝ ја објаснил причината за ставање на овие фрески, па ѝ кажал дека: Тие што ги спомнуваш, кога ќе умрел некој добар човек помеѓу нив, тие му граделе, над гробот, храм во кој тие се молат, и ги сликаат тие фрески. Потоа ѝ објаснил дека тој што го прави тоа е најлош човек кај Аллах, Возвишениот; затоа што неговото дело води кон ширк-многубоштво.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10887